**20111493232**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36, став (2) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 12.10. 2011 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧЕЛАТА ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Член 1

Во Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“бр. 105/2007 и 146/2007), по членот 5, се додава нов член 5-а, кој гласи :

„Член 5-а

**Организациска единица за финансиски прашања**

(1) Во органите се формира сектор или одделение за финансиски прашања.

(2) Со секторот/одделението раководи раководител кој директно одговара на функционерот кој раководи со органот и највисокиот раководен државен службеник.

(3) Во секторот за финансиски прашања се формираат: Одделение за буџетска координација, Одделение за буџетска контрола и Одделение за сметководство и плаќања, а може и Одделение за јавните набавки.

(4) Бројчаните ограничувања од член 6 став (2) од оваа уредба, кај одделенијата за финансиски прашања, не се применуваат.“

Член 2

(1) Во член 6 став (1), зборовите „материјално-финансиски,“ се бришат.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија .“

Бр.51-4880/1
12 октомври 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.